ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

Агенција за млади и спорт

ПРОСПЕКТ

# МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Проект: "Нова генерација на силни и гласни млади"

**Проектот „Нова генерација на силни и гласни млади“ е финансики поддржан од Агенција за млади и спорт на Р.С.Македонија.**

# Вовед

Драги млади читатели, активисти, волонтери и обликувачи на иднината,

Добредојдовте на страниците на проспектот креиран во рамки на проектот "Нова генерација на силни и гласни млади". Овој проспект е наменет и посветен на сите вас, смели и креативни млади луѓе, кои го претставувате срцето на нашиот проект. Со оваа брошура сакаме да ве поттикнеме и охрабриме да не се откажувате од вашите идеи и креативни решенија.

Вашата креативност и одлучност се коренот на промената и развојот на нашата заедница. Вашите идеи и акции се капки што го наполнуваат океанот на промени.

Сакаме да ве поттикнеме никогаш да не ја губите вашата искра и да продолжите да се борите за вашите соништа и права. Веруваме дека вие, младите, сте способни да го менувате светот, и затоа сме тука да ве поддржиме и да ви овозможиме да ги остварите вашите најсмели идеи.

Заедно, како "Нова генерација на силни и гласни млади", да ја изградиме и обликуваме иднината што ја сонуваме - за себе и за идните генерации.

# Содржина:


Вовед 02

За проектот 04

Детектирани проблеми во заедницата 06

Иновативни решенија од млади за млади 07

Младински иницијативи 08

Ментори 14

Со овој проект сакавме да им дадеме крилја на вашите идеи, за да ве охрабриме во иднина полесно да наоѓате решенија на предизвиците што светот ни ги приредува секојдневно.

# За проектот:

Проектот "Нова генерација на силни и гласни млади" се роди од потребата да го адресираме предизвикот со кој се соочуваат многумина од нас – недостаток на младински иницијативи и недостаток на поддршка на младински иницијативи во заедницата. Во свет што се менува толку брзо, нашата гласност и делување се од суштинско значење. Затоа, сакаме да ги поттикнеме и охрабриме иницијативите на младите, да ја подигнеме свеста за важноста на младинскиот активизам и неговото влијание врз заедницата.

Општата цел на проектот е да се зајакне капацитетот на локланите младински структури и да се зголеми младинското учество во процесите на донесување на одлуки како на локално така и на национално ниво. Освен оваа целта на овој проект беше и да се зголеми малдинското учество и активизам преку развој на практики насочени кон слобода на изразување како и различни младински иницијативи кои водат кон промена на заедницата.

# 05



Овој проект не е само за нас - младите што се справуваме со секојдневните предизвици, туку за целата заедница. Секоја идеја, секој став и секоја акција се капка во океанот на промени, а заедно образуваме силен бран што се бори за нашите соништа и права.

Во прилог на овој проспект ќе ви одсликаме како вашите врсници упееја да допрат до секојдневни проблеми во заедницата, но и самоиницијативно да придонесат кон решавање на самиот тој проблем.

# Детектирани проблеми во заедницата

## СОУ “Јане Сандански”

Некои млади се повеќе изложени на ризик од влошување на менталното здравје поради условите на живеење, стигмата, дискриминацијата или исклученоста или пак поради недостаток на пристап на квалитетна поддршка.

## СОУ “Никола Карев”

Со сѐ поголемата зачестеност на врсничкото насилство низ училиштата, се јавува сѐ поголема потреба од изнаоѓање решенија за намалување на бројот на жртви на врсничкото насилство и надеж за искоренување на истото.

## СОУ “Димитар Влахов”

Во поново време сме соочени со проблемите од типот на: седење на социјалните мрежи, негативно влијание на игрите врз младите, застапеноста на дијабетес и други заболувања се повеќе кај младата популација.

# Иновативни решенија од млади за млади

## Подигање на свеста за менталното здравје
Иницијатива на СОУ "Јане Сандански"

## Борба против врсничко насилство
Иницијатива на СОУ "Никола Карев"

## Ден на играта
Иницијатива на СОУ "Димитар Влахов"

Откако младите од трите средни училишта детектираа проблеми со помош на низата работилници кои ги проследија, заедно со нивните ментори приложија предлог иницијативи кои тие би сакале да ги спроведат во нивната заедница.

Од предложените иницијативи, следните беа одберени и спроведени во нивните училишта.

# Подигање на свеста за менталното здравје

Акција спроведена од тимот на СОУ “Јане Сандански”

Некои млади се повеќе изложени на ризик од влошување на менталното здравје поради условите на живеење, стигмата, дискриминацијата или исклученоста или пак поради недостаток на пристап на квалитетна поддршка.
За таа цел тимот од СОУ "Јане Сандански" преку едукација, работилница и дискусија ја подигнаа свеста за менталното здравје кое е многу кревко кај младата популација.

Едукацијата беше спроведена од страна на стручни служби преку еднократно предавање од доктор психијатар, со кои младите имаа увид во важноста на грижата за нивното ментално здравје и да разберат дека треба да се посвети исто толку внимание како што се посветува на севкупното здравје, да се охрабрат дека зборувањето за менталното здравје и барање помош не е табу тема, и дека грижата за себе не е луксуз туку приоритет.








EXIT



# Борба против врсничко насилство

Акција спроведена од тимот на СОУ Никола Карев






Со сè поголемата зачестеност на врсничкото насилство низ училиштата, се јавува сè поголема потреба од изнаоѓање решенија за намалување на бројот на жртви на врсничкото насилство и надеж за искоренување на истото. За оваа цел тимот на СОУ Никола Карев спроведе иницијатива во насока на охрабрување на жртвите за понавремено артикулирање на самиот проблем и насоки за решавање на истиот, со акцент на ненасилна самоодбрана и справување, правилна реакција во случај на насилство. Воведно беше презентирано и кратко видео изработено од тимот ученици.






OHIO



# Ден на играта

## Акција спроведена од тимот на СОУ Димитар Влахов

Во поново време младите се соочуваат со проблеми од типот на: седење на социјалните мрежи со неограничено време, негативно влијание на игрите врз младите, застапеноста на дијабетес и други заболувања се повеќе кај младата популација уште од најрана возраст, користење на наркотични средства, алкохол и други негативни работи од мала возраст.

За оваа цел тимот од СОУ Димитар Влахов под менторство на професорката Зорица Масникоса Поп-Трајкова спроведе иницијатива од повеќе сегменти и тоа изработка на едукативно видео, изработка на едукативни флаери, вклучување на младите во секаков тип на игри на самиот ден, мерење на гликемија кај младите по случаен избор, давање на различен вид витамини и советодавни дискусии еден на еден со млади.








ДЕН
НА
ИГРА



# Ментори



Марија Мраовиќ



Марина Таукчиева



Зорица Масникоса
Поп - Трајкова

Овој проспект е изработен
во рамки на проектот
"Нова генерација на силни
и гласни млади",
финансиски поддржан од
Агенција за млади и спорт

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

Агенција за млади и спорт